Влада на Република Северна Македонија
Бр.4401-17/45

# З А П И С Н И К
од Четириесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 април 2020 година

Скопје, април 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 април 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа на 18 април 2020 година преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 15:10 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска – Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, членовите на Владата на Република Северна Македонија м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи,

како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамед Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и Хусни Исмаили, министер за култура.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

✓ Усвојување на Записникот од 34-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 април 2020 година

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- Информација за извршени инспекциски надзори согласно Заклучок на Владата од седницата, одржана на 13.3.2020 година, со извештаи за 9, 10, 13, 14 и 15 април 2020 година

1. Записник од Триесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 21 април 2020 година, со предлог - одлуки

2. Записник од Триесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 22 април 2020 година

3. Предлог - одлука за давање на трајно користење, недвижни ствари на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

4. Информација за преземените активности во врска со микрочипирање (идентификација) на животните и бездомните кучиња

5. Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2019 година, со Предлог - одлука

6. Предлог - одлука за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Струга и за висината на закупнината и Предлог - одлука за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за трговија и услуги „Буилдинг брицк“ ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште

7. Предлог - одлука за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Крива Паланка

8. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија У-75/19 (КО Ѓорче Петров)

9. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење движни ствари на Извиднички одред „Гоце Делчев” Свети Николе

10. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење движни ствари на Радиоаматерска асоцијација на Северна Македонија

11. Предлог - уредба за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за трговија за време на вонредна состојба

12. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за поштенските услуги за време на вонредна состојба

13. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за банките за време на вонредна состојба

14. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – V фаза, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот („Службен весник на Република Македонија“ бр.163/18)

15. Информација за намалување на наградниот фонд на наградната игра „Мој ДДВ моја награда“ и уплатата на средствата во Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од коронавирусот КОВИД - 19, со Предлог - одлука и Предлог - договор

16. Информација за понатамошно прифаќање или неприфаќање на ревидираните правила за потекло на ПЕМ конвенцијата за потекло на стоки

17. Информација за статус на проектот „Рехабилитација, надградба и реконструкција на железничките станици по должина на Пан - Европскиот

Коридор 10, вклучително и кракот 10 д, согласно најдобрите практики на ЕУ – Лот 4, железничка станица Гевгелија"

18. Информација за одобрување на Тендерски документации за доделување на концесии на рибите за вршење стопански риболов на риболовни зони

19. Информација во врска со реализација на проектот „Рехабилитација и проширување на канализациона мрежа во градот Скопје"

20. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Градиште", МХЕЦ „Дворце" на концесионерот „Барт енерџи" ДОО Скопје

21. Информација во врска со реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Пена" со реф. бр. 82, МХЕЦ „Пена" со реф. бр 84, МХЕЦ „Пена" со реф. бр. 85, МХЕЦ „Шеличе" со реф. бр. 91 на концесионерот „Гравис Хидро" ДОО Гостивар од аспект на заштитата на подрачјето на Шар Планина

22. Информација за проектирање на градежните конструкции на градбите со примена на Еврокодовите за проектирање на градежни конструкции

23. Информација за потпишување на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2020 година

24. Информација за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Ромева против Северна Македонија, А.бр.32141/10, со Предлог - одлука

25. Информација за одржан 8-ми Работен состанок за социјална интеграција на Ромите во Република Северна Македонија на 19 септември 2019 во Скопје, со Акциски план за следење на реализација на заклучоците

26. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа

27. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба

28. Предлог – уредба со законска сила за носење лична заштита заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од коронавирусот КОВИД – 19 и заштита на населението за време на вонредна состојба

29. Предлог – уредба со законска сила за задолжителна самоизолација при тестирање за присуство на коронавирус КОВИД - 19

30. Годишен извештај за работењето на Оперативно-техничката агенција за 2019 година

31. Решение У.бр.94/2019 од 20.02.2020 година за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 18 став 2 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/2016, 142/2016 и 233/2018)

32. Иницијатива од Игорчо Точев, од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.37/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 65 ставовите 2 и 3 во делот „Законот за прекршоците", член 66-а став 1 во делот „Прекршочна комисија" од Законот за туристичка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр, 62/2004,89/2008, 12/2009, 17/2011, 47/2011, 53/2011, 123/2012, 164/2013, 27/2014, 116/2015, 192/2015, 53/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/2020)

33. Иницијатива од Борко Симоски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.31/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 9 став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 54/2011,142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016, 142/2016, 57/2017 67/2017 125/2017 35/2018, 99/2018, 140/2018, 208/2018, 27/2019, 98/2019 и 42/2020)

34. Иницијатива од Снежана Геровска - Попчевска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.25/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 16 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судски совет („Службен весник на Република Македонија" бр.83/2018

35. Иницијатива од Томе Тодоровски, адвокат од Свети Николе, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.36/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Указот за прогласување на Законот за јавното обвинителство број 08-1411/1 од 16.02.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/2020") и Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/2020)

36. Иницијатива од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под број 33/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 3 став 1 во делот „управните и стручните" од Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија" број 106/2007, 88/2010, 36/2011, 53/2011, 136/2011, 11/2012, 147/2013, 164/2013, 27/2014, 43/2014, 88/2015, 154/2015, 228/2015, 7/2016, 53/2016, 83/2018, 113/2018 и 245/2018)

37. Кадровски прашања

38. Прашања и предлози

39. Конечен извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на АД Медиумска информативна агенција- Скопје во државна сопственост

40. Извештај за финансиско работење на ЈП „Стрежево“ - Битола за четвртото тромесечје, за периодот од 1 октомври 2019 до 31 декември 2019 година

41. Известување на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, за март 2020 година

42. Информација за текот и прогресот на активностите во реализацијата на Акцискиот план за зголемување на приходите на Република Северна Македонија

43. Известување од Институтот за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија за извршени мерки во врска со состојбите и извршените препораки на Државниот завод за ревизија

44. Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор и за спроведување на Националната стратегија за борба против измама и заштитата на финансиските интереси на ЕУ во 2019 година

45. Извештај за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија за периодот 1 јануари до 31 декември 2019 година

46. Извештај за активностите на Координативното тело за надзор на пазарот за 2019 година и на надлежните органи за надзор на пазарот

47. Извештај за реализација на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2019 година

48. Информација во врска со Главните индикатори за успешност на работењето (KPI) за 2019 година за аеродромите во Скопје и Охрид

49. Информација за работата на Националното координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Роми и Интеграција на Ромите 2020 (за период октомври 2019 - февруари 2020 година)

50. Информација за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за Роми 2014-2020 во Министерство за труд и социјална политика (за период декември 2019-февруари 2020 година)

51. Информација во врска со комуналниот отпад кој поради оправдани техничко-технолошки и економски причини не може да биде отстранет на постоечката локација во општина Кичево (градска депонија „Зајашка Река“)

52. Информација за приредување на интернет игрите на среќа во казино, обложувалница и автомат клуб за време на вонредна состојба и Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за игрите на среќа и за забавните игри за време на вонредна состојба

*

*  *

Владата на Република Северна Македонија без забелешки го усвои Записникот од 34-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 април 2020 година.

*

*  *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВНИОТ РЕД:

- **Информација за извршени инспекциски надзори согласно Заклучок на Владата од седницата, одржана на 13.3.2020 година, со извештаи за 9, 10, 13, 14 и 15 април 2020 година**

Владата ја разгледа Информацијата за извршени инспекциски надзори согласно Заклучок на Владата од седницата, одржана на 13.3.2020 година, со извештаи за 9, 10, 13, 14 и 15 април 2020 година - сумарни (преземени и планирани активности), како материјал за информирање.

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата го разгледа и усвои Записникот од Триесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 21 април 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата ги донесе следниве заклучоци:

1. Го прифати Предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, во делот на намалување на временскиот период на забрана и посебен режим на движење на населението на територија на Република Северна Македонија и заклучи почнувајќи од 23 април 2020 година (четврток):

- Да се забрани движење на населението на територијата на Република Северна Македонија, од понеделник до петок, во временски период од 19:00 часот до 5:00 часот наредниот ден.

- Да се забрани движење на населението на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 15:00 часот во сабота, до 5:00 часот во понеделник.

- Да се забрани движење на лицата во Република Северна Македонија со возраст над 67 години, од понеделник до петок, во временски период од 12:00 часот до 5:00 часот наредниот ден и од 11:00 часот во сабота, до 5:00 часот во понеделник.

- Да се забрани движење на лицата во Република Северна Македонија со возраст до 18 години, од понеделник до петок, во временски период од 19:00 часот до 13:00 часот наредниот ден, во сабота од 5:00 часот до 12:00 часот и од 15:00 часот до 13:00 часот во понеделник.

- Да се забрани движење на возила од јавен превоз на територијата на Република Северна Македонија, од понеделник до петок, во временски период од 19:00 часот до 5:00 часот наредниот ден и од 15:00 часот во сабота, до 5:00 часот во понеделник.

- Да се забрани пристап на лица и возила во Парк шума „Водно“, од понеделник до петок, во временски период од 19:00 часот до 5:00 часот наредниот ден и од 15:00 часот во сабота, до 5:00 часот во понеделник.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија и Одлука за изменување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на коронавирусот КОВИД – 19.

## Точка 2

Владата го разгледа и усвои Записникот од Триесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 22 април 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата го усвои следниов заклучок:

- Во врска со заклучокот под реден број 3 од Записникот, да се измени точката 6 од Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, донесена на 12 март 2020 година, во насока дека се затворат сите спортски

објекти, вежбални, спортски сали каде што може да се одржуваат секаков вид на собири и настани, без оглед на обемот и бројот на учесници, односно истите се затвораат за давање на услуги кон корисниците на услугите со присуство во објектите, а истите можат непречено да продолжат да извршуваат деловни активности и да даваат други услуги од делокругот на својата дејност преку алтернативен начин на продажба на услуги и производи.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на коронавирусот КОВИД – 19.

## Точка 3

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности во врска со микрочипирање (идентификација) на животните и бездомните кучиња и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да ги предаде бесплатните микрочипови на Заедницата на единиците на локална самоуправа, најдоцна во рок од 15 дена по доставувањето на Одлуката на ЗЕЛС.

2. Се препорачува на Заедницата на единиците на локална самоуправа да донесе Одлука на Управниот одбор на ЗЕЛС да ги задолжи општините со микрочипови за обележување на бездомните кучиња во нивните општини, најдоцна во рок од 15 дена.

3. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да достави Акциски план по кој општините би го спроведувале обележувањето на бездомните кучиња со микрочипови, имајќи го предвид укажувањето на Заедницата на единиците на локална самоуправа дека во периодот додека трае одлуката на Владата и препораките за спречување на појавата, раното откривање, спречување на ширењето и сузбивање на коронавирус инфекцијата нема да биде можно физичко преземање и организирање на достава и задолжување на општините со наведените микрочипови и истото да се одвива по престанокот на мерките.

## Точка 5

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2019 година, со Предлог – одлука и ја донесе Одлуката за одобрување на Извештајот за спроведување на

годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ги донесе:

- Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Струга и за висината на закупнината (нов текст), во предложениот текст и

- Одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за трговија и услуги „Буилдинг брицк“ ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Крива Паланка, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Извиднички одред „Гоце Делчев“ - Свети Николе (алат и опрема), во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Радиоаматерска асоцијација на Северна Македонија (аудио опрема), во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за трговија за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата со законска сила за примена на Законот за поштенските услуги за време на вонредна состојба, со заклучок Министерство за економија - Државен пазарен инспекторат, наместо Агенцијата за пошти, да врши надзор и контрола над спроведување на одредбите на оваа уредба со законска сила.

**Точка 13**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата со законска сила за примена на Законот за банките за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог - уредбата со законска сила за дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – V фаза, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот („Службен весник на Република Македонија" бр.163/18), на барање на предлагачот.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за намалување на наградниот фонд на наградната игра „Мој ДДВ моја награда" и уплатата на средствата во Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од коронавирусот КОВИД - 19, со Предлог - одлука и Предлог - договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за приредување на наградната игра „Мој ДДВ моја награда", во предложениот текст.

2. Се задолжува Акционерското друштво за приредување игри на среќа „Државна лотарија на Република Северна Македонија" средствата во износ од 4.383.410,00 денари да ги уплати на донаторската сметка отворена во рамки на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија наменета за донации од правни и физички лица за справување со КОВИД – 19 епидемијата.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и Акционерското друштво за приредување игри на среќа „Државна лотарија на Република Северна Македонија" да склучат Анекс на договорот за заедничко организирање на наградната игра „Мој ДДВ моја награда" во согласност со Одлуката која е предмет на оваа информација.

4. Се задолжува Акционерското друштво за приредување игри на среќа „Државна лотарија на Република Северна Македонија“ да ги измени Правилата за приредување на наградната игра „Мој ДДВ моја награда“ и да направи техничко прилагодување за реализација на истите.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за понатамошно прифаќање или неприфаќање на ревидираните правила за потекло на ПЕМ конвенцијата за потекло на стоки и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија и Секретаријатот за европски прашања, во рок од 10 дена да достават до Владата нови одделни информации што ќе ги одразуваат ставовите на министерствата што треба да содржат точни одредници дали треба да се прифатат ревидираните ПЕМ правила за потекло на тутун и последиците за македонската економија.

2. Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија да достават анализа што ќе биде потпишана од авторите на анализата и емпириските модели за изготвените препораки до Министерство за финансии–Царинска управа, во рок од 10 дена.

3. Се задолжува Царинска управа во соработка со Министерството за финансии и Министерството за економија да достават нова информација за начинот на прифаќање или неприфаќање на ревидираните правила на ПЕМ конвенцијата до Владата во рок од 20 дена.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за статус на проектот „Рехабилитација, надградба и реконструкција на железничките станици по должина на Пан Европскиот коридор 10, вклучително и кракот 10 д, согласно најдобрите практики на ЕУ – Лот 4, железничка станица Гевгелија“ и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија, да ја испита можноста да ја преземе обврската за изведување на зајакнувањето на објектот од сопствени средства, по што изведувачот ќе пристапи кон изведување на преостанатите работи по конзерваторскиот проект, поврзани воглавно со фасадата на објектот, т.е да подготви тендерска документација за зајакнување на објектот железничка станица Гевгелија и потоа да тендерира. За горенаведената можност да ја преземе обврската да ја информира Владата во рок од седум дена.

2. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура

Железници на Република Северна Македонија да одговорат на предлогот на Изведувачот по претходно мислење на Надзорниот орган во рок од седум дена.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и тоа:

- се укажува на потребата од измена за предложениот заклучок број 1 во насока на тоа Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија да ја испита можноста за преземање на оваа обврска, во рок од седум дена да го изготви тендерот за зајакнување на објектот и да тендерира, бидејќи иако тендерската документација е до 30 март 2020 година согласно податоците со кои располага Кабинетот истата сеуште не е изготвена и

- во однос на прашањето за изведување на позициите од новиот конзерваторски проект, како и останатите нереализирани позиции од Основниот проект и потребните санации за кои информира Изведувачот, се препорачува да се разгледа предлогот од Изведувачот односно можноста позициите од Конзерваторскиот проект да бидат реализирани од страна на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија, додека преостанатите позиции од Основниот проект и потребните активности за санација да бидат изведени од страна на Изведувачот во рамки на преостанатиот расположлив буџет.

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за одобрување на Тендерски документации за доделување на концесии на рибите за вршење стопански риболов на риболовни зони, со нов текст на Тендерски документации и го усвои со следниве заклучоци:

1. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Шпилје“.

2. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовната зона “Акумулација Тиквешко Езеро“.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализацијата на проектот „Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Градот Скопје” и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Градот Скопје, а се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за финансии, Сектор за централно финансирање и склучување на договори – ЦФЦД, во најкус можен рок,

да преземат мерки во нивна надлежност за надминување на сите пречки за што побрзо завршување на прашањата кои се појавија околу дивата депонија Вардариште, со цел да се избегнат дополнителни одложувања во спроведувањето на проектот, како и можноста изведувачот да достави нови оштетни побарувања.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во најкраток можен рок да најде извор за покривање на трошоците за реализација на земањето на проби од отпадот и вршењето на потребните анализи за утврдување на постоење на наводно опасен медицински отпад долж трасата на проектот во делот на депонијата од страна на релевантната лабораторија.

3. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за финансии, а по претходна согласност од Град Скопје, како и по завршување на тужбената постапка, да го информираат изведувачот преку Надзорниот орган да започне постапка за Амандман на договорот за градежни работи, со којшто ќе се продолжи рокот за спроведување на градежните активности за дополнителни 90 дена.

4. Се задолжува Министерството за финансии, по обезбедување на потребната согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање и Градот Скопје, како и по завршување на тужбената постапка, Амандманот на договорот за градежни работи со којшто ќе се продолжи рокот за спроведување на градежните активности за дополнителни 90 дена, да го достави на одобрување до Делегацијата на Европската Унија.

5. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Министерството за финансии, а по претходна согласност од Град Скопје, како и по завршувањето на тужбената постапка, да го информираат Надзорниот орган за потребата од подготовка на Амандман за продолжување на времетраењето и зголемување на буџетот на договорот најмногу до 100.000 евра на Договорот за надзор.

6. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за финансии, по добивање на информација од ФИДИК Федерацијата за понатамошниот тек на ДАБ постапката пред Одборот за разрешување на спорови да ја информира Владата за идните активности кои треба да бидат преземени по однос на оваа постапка.

**Точка 20**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Градиште“, МХЕЦ „Дворце“ на концесионерот „Барт енерџи“ ДОО Скопје, со Нацрт-текст на договори и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Градиште“, МХЕЦ „Дворце“ на концесионерот „Барт енерџи“ ДОО Скопје.

2. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како Концедент да склучи:
- Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Дворце“ и
- Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Градиште“,
со кои ќе се замени Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Градиште“, МХЕЦ „Дворце“, заведен со бр. 11-691/1 од 25.1.2018 година.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за животна средина и просторно планирање да го има предвид Мислењето на Град Скопје.

## Точка 21

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата во врска со реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Пена“ со реф.бр. 82, МХЕЦ „Пена“ со реф. бр 84, МХЕЦ „Пена“ со реф.бр. 85, МХЕЦ „Шеличе“ со реф.бр.91 на концесионерот „Гравис хидро“ ДОО Гостивар од аспект на заштитата на подрачјето на Шар Планина, го усвои и го овласти Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи:

– Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Пена“ со реф. бр 84, МХЕЦ „Пена“ со реф.бр. 85 и МХЕЦ „Шеличе“ со реф.бр. 91, со концесионерот „Гравис хидро“ ДОО Гостивар и

– Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Пена“ со реф. бр 82 со концесионерот „Гравис хидро“ ДОО Гостивар, со кои ќе се замени Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Пена“ со реф.бр.82, МХЕЦ „Пена“ со реф. бр 84, МХЕЦ „Пена“ со реф.бр. 85, МХЕЦ „Шеличе’ со реф.бр.91, заведен со бр. 11-683/1 од 25.1.2018 година.

## Точка 22

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за проектирање на градежните конструкции на градбите со примена на Еврокодовите за проектирање на градежни конструкции (нов текст), на предлог на предлагачот, за наредната

седница, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 23**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2020 година за финансирање на Годишна акциска програма за Република Северна Македонија за 2020 година, со текст на Финансиска спогодба и ја усвои со следните заклучоци

1. Го прифати текстот на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2020 година за финансирање на Годишна акциска програма за Република Северна Македонија за 2020 година.

2. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и Национален ИПА координатор, да ја потпише Финансиската спогодба помеѓу Европската комисија и Владата на Република Македонија за финансирање на Годишна акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2020 година.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Ромева против Северна Македонија, А.бр.32141/10, со Предлог - одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

Средствата во вкупен износ од 6.000 евра во денарска противвредност да бидат исплатени по пресудата на ЕСЧП во случајот Ромева против Северна Македонија, А.бр.32141/10, најдоцна до 5 јуни 2020 година.

2. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да и исплати на апликантката Ромева износ од 311.033,00 денари, што одговара на износот наплатен од апликнатката по основ на Налог за извршување И.бр. 109/14-2 од 30.1.2014 година по основ на главниот долг (поврат на исплатените пензии), на начин што ќе го усвои нејзиното Барање во соодветниот дел заведено во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија под УПП бр.10-9 од 13.1.2020 година, а за целите на извршување на пресудата Ромева против Северна Македонија, А.бр.32141/10 и враќање на апликантката во состојбата пред настапување на констатираната повреда од страна на ЕСЧП, најдоцна до 5 јуни 2020 година.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан 8-ми Работен состанок за социјална интеграција на Ромите во Република Северна Македонија на 19 септември 2019 година во Скопје, со Акциски план и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати најновиот текст на Акцискиот план за следење на реализација на заклучоците од 8-от состанок за социјална интеграција на Ромите во Република Северна Македонија (19 септември 2019 година).

2. Се задолжува министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Северна Македонија, Муѕафер Бајрам на секои шест месеци да ја информира Владата за статусот на реализација на заклучоците од 8-от Работен состанок за социјална инклузија на Ромите.

3. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за култура, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерство за локална самоуправа, Министерство за внатрешни работи и Министерство за правда, на секои шест месеци да доставуваат информации за статусот на реализација на заклучоците од 8-от Работен состанок за социјална интеграција на Ромите до Кабинетот на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба, за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 23 април 2020 година (четврток), поради дополнителни усогласувања.

**Точка 28**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од коронавирусот КОВИД – 19 и заштита на населението за време на вонредна состојба, со заклучок членот 7 да се избрише и Министерството

за здравство да се усогласи со Министерството за правда во делот на глобите за правните лица.

**Точка 29**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата со законска сила за задолжителна самоизолација при тестирање за присуство на коронавирус КОВИД – 19 за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Оперативно - техничката агенција за 2019 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 7 став (1) од Законот за Оперативно - техничка агенција („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19) директорот на Оперативно - техничката агенција до Собранието на Република Северна Македонија доставува за разгледување годишен извештај за работата на Оперативно - техничката агенција за претходната календарска година, најдоцна до крајот на февруари во тековната година.

Во однос на дел III од Годишниот извештај кој се однесува на бројот на активирани комуникации за секој орган одделно, односно дека 269 комуникации биле проследени од страна на Оперативно - техничка агенција за потребите на Бирото за јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи, од страна на Министерството за внатрешни работи извршено е техничко пребројување во системот за следење на комуникации, извршени се увиди во доставените судски наредби и пребројување на активните таргети, телефонски броеви и е-маил адреси во период од 1.1.2019 до 31.12.2019 година. Врз основа на наведените проверки констатирано е дека бројките наведени во Извештајот на Оперативно - техничката агенција не се совпаѓаат со бројките добиени од евиденцијата на Министерството за внатрешни работи.

Од страна на Оперативно - техничката агенција добиен е одговор дека нивната методологија е различна од методологијата на Министерството за внатрешни работи и не опфаќа некои делови, поради што и се појавува разлика во делот на технички проследените комуникации.

Во Годишниот извештај презентирани се податоци за реализираните средства во текот на 2019 година и истите се во согласност со податоците со кои располага Министерството за финансии.

Во однос на фискалниот аспект Владата на Република Северна Македонија нема забелешки, со укажување да се усогласат износите на планираните средства.

**Точка 31**

Владата го разгледа Решението У.бр.94/2019 од 20 февруари 2020 година за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 18 став 2 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/2016, 142/2016 и 233/2018) и притоа го утврди следново мислење:

Предлагачот на уставната иницијатива, наведува дека со член 18 став (2) од Законот за извршување, се дозволува извршување, а во пракса и се спроведува извршување од страна на извршителите, на казнена камата и во случаи кога должниците во оставениот рок од страна на судовите доброволно ја исполнуваат нивната обврска односно ги плаќаат трошоците на постапката на доверителот. Според подносителот на иницијативата, овој член ги принудувал учесниците во судските спорови под страв да не платат камата да плаќаат трошоци за постапка во првостепените судови додека трае постапката во второстепените судови на која што може да се одлучува и за истите трошоци, а и за други околности, додека од друга страна поука за тоа дека е така никаде нема во првостепените пресуди, што се создавала правна несигурност и голема финансиска штета за граѓаните и правните лица.

Подносителот наведува дека овој став можеби би имал смисла ако гласел од „датумот на клаузулата за извршност до наплатата", но вака како што моментално гласел значело дека каматата за процесните трошоци доверителот може да ја бара и во пракса да ја добие од денот на донесувањето на првостепената пресуда, без разлика на тоа што ќе се случува во постапката и колку таа ќе трае што предизвикувало ситуации каматата да биде неколкукратно повисока од износот на процесните трошоци дури и во услови на доброволно исполнување на обврската од страна на должникот.

Со ваквата одредба подносителот смета дека се повредени одредбите од член 8 став 1 алинеја 3, член 9, член 51 и член 54 став 3, од Уставот на Република Северна Македонија, поради што предлага Уставниот суд итно да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечните акти и дејствија преземени врз основа на оспорениот член, а потоа да донесе одлука за поништување на оспорениот член, бидејќи до негово понатамошно извршување би можеле да настанат тешко отстранливи последици.

Неосновани се наводите на подносителот на Иницијативата дека член 18 став (2) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16, 142/16 и 233/18), не е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓу другото, утврдено е владеењето на правото.

Според член 9 од Уставот, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата,

националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според член 51 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 54 став (3) од Уставот на Република Северна Македонија, ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба.

Според член 18 став (2) од Законот за извршување, ако во извршната исправа се определени и трошоците на постапката, извршителот, по предлог од доверителот, ќе пресмета и ќе изврши наплата на законска казнена камата на износот на определените трошоци согласно пропишаната стапка, од денот на донесувањето на извршната исправа до наплатата.

Имено со членот 18 се пропишува правото на доверителот да бара да му се пресмета законска казнена камата на износот на определените трошоци во постапката, која е должна да ги надомести страната која го изгубила спорот.

Обврската за плаќање на законска казнена камата произлегува од Законот за облигационите односи.

Според член 266 став (1) од Законот за облигационите односи, должникот кој ќе задоцни со исполнувањето на парична обврска долгува, покрај главнината, и казнена камата.

Во конкретниот случај во врска со примената на член 18 став (2) од Законот за извршување, правото на казнена камата настанува со денот на донесувањето на извршната исправа.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорената одредба од член 18 став (2) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, 142/16 и 233/18), е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3, член 9, член 51 и член 54 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија, и предлага на Уставниот суд да донесе Решение за запирање на постапката за оценување на уставноста на оваа одредба од законот.

## <u>Точка 32</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.37/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 65 ставови 2 и 3 во

делот „Законот за прекршоците“ и член 66-а став 1 во делот „Прекршочна комисија“ од Законот за туристичката дејност и притоа го утврди следното мислење:

Според наводите во Иницијативата, одредбите на член 65 ставови 2 и 3 во делот „Законот за прекршоците“ и член 66-а став 1 во делот „Прекршочна комисија“ од Законот за туристичката дејност се во спротивност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија.

Одредбите на член 65 ставови 2 и 3 се оспоруваат од аспект дека решение на овластен инспектор претставува административна мерка и не претставува прекршок, за да би се упатило на Законот за прекршоците, со што можело да се доведе до забуна при примена на овие одредби.

Одредбата на член 66-а став 1 се оспорува од аспект дека во истата не е непредвиден институтот „прекршочен орган“, како што е определено во Законот за прекршоците.

Подносителот на иницијативата предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на оспорените делови од одредбите и истите да ги укине како спротивни на Уставот. Ова од причина што овие одредби не се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 65 став 1 од Законот за туристичка дејност ако државниот пазарен инспектор, односно овластениот инспектор при вршење на инспекцискиот надзор утврди дека вршителот на туристичка дејност постапува спротивно на одредбите од Законот, со што сторува прекршок, ќе донесе решение за привремена забрана во траење од 30 дена. Ваквата забрана е предвидена со член 39 став 3 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19) - „Со законот со кој се пропишува прекршокот може да се пропише задолжително изрекување на прекршочна санкција забрана за вршење одделна дејност на правно лице.“. Против одлуката што ја донело овластено службено лице, односно инспектор при вршење на инспекцискиот надзор, сторителот има право на жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочната постапка во рок од 8 дена од денот на приемот на решението за привремена забрана.

Според член 65 став 2 од Законот за туристичка дејност, против решението на Државниот пазарен инспектор од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до надлежен орган согласно со Законот за прекршоците, а според став 3 од истиот член против решението на овластениот инспектор на општината, односно на градот Скопје од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до надлежен орган согласно со Законот за прекршоците.

Според член 131 став 1 од Законот за прекршоците, против решението за прекршок што ги донел прекршочниот орган може да се изјави жалба до Државната комисија

за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка до 31 декември 2020 година, а според став 2 од истиот член предметите по започнатите постапки по жалба пред Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка кои нема да завршат во рокот од ставот 1 на овој член, ќе се предадат и ќе продолжат пред Управниот суд.

Со одредбите на член 65 ставови 2 и 3 е реализирана и обврската утврдена во член 132 став 1 од истиот закон според која законите во кои се пропишани прекршочни санкции ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Со оглед на фактот што Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, одлучува во второстепен по решенија на инспектори како и по решенија за прекршок што ги донеле прекршочните органи, така што законодавецот се определил во еден закон т.е. Законот за прекршоци да го уреди прашањето за периодот на поднесување на жалби до оваа комисија како и надлежниот орган кој ќе продолжи да ги врши работите односно одлучува по поднесени жалби по решенија на инспектори и решенија за прекршок што ги донел прекршочниот орган така што наводите во Иницијативата се неосновани.

Според член 66-а став 1 од Законот за туристичката дејност, за прекршоците утврдени во членовите 67, 68 и 70 ставови 1, 2, 3 и 6 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот преку Комисија за одлучување по прекршок (Прекршочна комисија).

Согласно претходно цитираната уредба како прекршочен орган кој води прекршочна постапка и изрекува прекршочни санкции е предвиден органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот, така што наводите во Иницијатива дека не е предвиден институт „прекршочен орган“ се неосновани.
Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија е владеење на правото. Според член 51 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот и сите други прописи со Уставот и со закон.

Согласно член 1 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник Република Македонија" бр. 130/14, 53/16 и 11/18), оваа Комисија е надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка како и по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучуваат во прекршочна постапка. Во постапката за решавање по жалби Државната комисија ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка, Законот за

инспекциски надзор и Законот за прекршоците доколку со овој или друг закон поинаку не е уредено.

Согласно членот 131 став (1) оваа Комисија ќе постапува по ваквите решенија до 31.12.2020 година, а со измена на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочната постапка, ќе се уреди и начинот на постапување по жалбите против решенијата на овластените инспектори при вршење на инспекцискиот надзор.

Во врска со наводите на подносителот на иницијативата за оценување на уставноста на членот 66-а став (1) од Законот за туристичка дејност во делот „Прекршочна комисија" се смета дека истите се неосновани. Ова од причина што во член 55 став (1) од Законот за прекршоците децидно е пропишано дека „Постапката пред прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок утврдена со закон.". Оваа одредба е сосема јасна од причина што овластувањето за водење на прекршочната постапка е на прекршочната комисија, како што е пропишано и во член 66-а од Законот за туристичка дејност.

Тргнувајќи од тоа дека одредбите на член 65 ставови 2 и 3 во делот „Законот за прекршоците" и член 66-а став 1 во делот „прекршочна комисија" од Законот за туристичката дејност се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија предметната Иницијатива да ја отфрли како неоснована.

## Точка 33

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.31/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 9 став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 42/20), поднесена од Борко Симоски од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Со предметната иницијатива подносителот бара од Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 9 став (1) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 42/20) од причина што според подносителот се поставува прашање за негова усогласеност со Уставот на Републиката со тоа што ги става сите вработени опфатени во категоријата на член 9 во нееднаква, нерамноправна и неуставна положба, како граѓани на Република Северна Македонија.

***

I . Во членот 8 од Уставот како темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се утврдуваат:

основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот;
слободното изразување на националната припадност;
владеењето на правото;
поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска;
политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори;
правната заштита на сопственоста;
слободата на пазарот и претприемништвото;
хуманизмот, социјалната правда и солидарноста;
локалната самоуправа;
уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и
почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Во Република Северна Македонија слободно е се што со Уставот и закон не е забрането.

Во член 22 е утврдено дека секој граѓанин со наполнети 18 години живот стекнува избирачко право кое е еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање.

Во член 23 се уредува дека секој граѓанин има право да учествува во вршење на јавни функции.

Член 32 определува дека секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на невработеност.

Воедно секој вработен има право на соодветна заработувачка, а остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективен договор.

***

II. Со Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20) се уредуваат општите начела, класификација на работните места, евиденцијата, видовите на вработувања, општите права, должности и одговорности, мобилноста како и други општи прашања за вработените во јавниот сектор.

Согласно член 3 став 3 од овој закон за воениот и цивилниот персонал во служба на Армијата на Република Северна Македонија, за овластените службени лица во Министерството за одбрана, во Министерството за внатрешни работи и во органот

во состав на Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност, во Агенција за национална безбедност, во Агенција за разузнавање, како и во органот во состав на Министерство за финансии – Управата за финансиска полиција, се применуваат само одредбите од овој закон кои се однесуваат на класификацијата на работните места во јавниот сектор и евиденција на вработените во јавниот сектор.

Согласно член 33 од овој закон пак се уредува дека вработените во јавниот сектор имаат право да се кандидираат на парламентарни, на претседателски и на локални избори и тие имаат право на неплатено отсуство за време на изборната кампања за изборите на кои учествуваат.

Согласно член 38 вработените во текот на работното време не смеат директно да учествуваат во изборни активности или во други јавни настапи од таков вид.

***

III. Со Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/10, 77/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19 и 14/20) се уредуваат статусот, правата, обврските, должностите и одговорностите на персоналот во служба на Армијата на Република Северна Македонија, како и системот на плати и надоместоци на плати и други прашања во врска со служба во армијата.

Согласно член 131 став (2) алинеја 12 од овој закон, како дисциплински престап е утврдено изразување и застапување политички ставови и убедувања во службата и предизвикување национална, верска и расна нетрпеливост.

***

IV. Со Закон за полиција („Службен весник на Република Македонија" бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 106/16, 21/18 и 64/18) се уредуваат полициските работи, организацијата на полицијата, полициските овластувања и правата и обврските што произлегуваат од работниот однос на полициските службеници во Министерството за внатрешни работи, што не се уредени со Законот за внатрешни работи.

Согласно член 105 од овој закон, полицискиот службеник не смее да основа, да раководи и да биде член на раководство на политичка партија.

Полицискиот службеник со членувањето во политичка партија и со учество во нејзините активности не смее да го доведува во прашање непристрасното и законито вршење на полициските работи.

Полицискиот службеник не смее да носи или да истакнува партиски симболи во просториите и службените возила на полицијата, партиски да се организира или дејствува во министерството.

Полициските службеници не смеат во униформа на Полицијата да присуствуваат на партиски активности и манифестации, освен ако се на извршување на службена задача.

***

V. Со Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 42/20) се уредуваат начинот, условите и постапката за избор на Претседател на Република Македонија, за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, за членови на советите на општините и советот на градот Скопје, за избор на градоначалник на општина и градоначалник на градот Скопје, начинот и постапката на евидентирање на избирачкото право, водење на Избирачкиот список, определување на границите на изборните единици и утврдувањето, менувањето и објавувањето на избирачките места, како и условите за функционирање на избирачките места.

Во член 8 од овој законик е уредено дека Функцијата пратеник, член на совет и градоначалник е неспојлива со функцијата претседател на Републиката, претседател на Владата на Република Македонија, министер, судија, јавен обвинител, јавен правобранител, народен правобранител и со други носители на функции кои ги избира или именува Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија.

Функцијата пратеник е неспојлива со функцијата градоначалник и со член на совет во општината и градот Скопје.

Понатаму функцијата пратеник и градоначалник е неспојлива со:

извршување на стручни и управни работи во органите на државната управа,

извршување на стопанска или друга профитна дејност и

членување во управни одбори на јавни претпријатија, јавни установи, фондови, агенции, заводи и во други правни лица, како и со изборот на претставник на државниот и општествен капитал во трговските друштва.

Функцијата градоначалник на Градот Скопје и функцијата член на Советот на Градот Скопје е неспојлива со функцијата градоначалник на општина и функцијата член на советот на општината на подрачјето на Градот Скопје.

Со денот на верификацијата на мандатот за пратеник, член на совет и градоначалник на носителите на функциите од ставовите (1) и (2) на овој член, функцијата им престанува.

Со денот на верификацијата на мандатот за пратеник и градоначалник на лицата од ставот (3) алинеја 1 на овој член, работниот однос им мирува.

Со денот на верификацијата на мандатот за пратеник и градоначалник на лицата од ставот (3) алинеи 2 и 3 на овој член, работниот однос во стопанската или друга профитна дејност им мирува, а членувањето во управни одбори на јавни претпријатија, јавни установи, фондови, агенции, заводи и во други правни лица, како и претставник на државниот и општествен капитал во трговските друштва им престанува.

Со денот на верификацијата на мандатот на член на совет на лицата вработени во општинската администрација на општината и администрацијата на градот Скопје, работниот однос им мирува во согласност со закон.

Членот 9 од истиот законик определува дека на припадниците на вооружените сили на Република Македонија, припадниците на униформираниот дел на полицијата, овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и во Агенцијата за разузнавање од денот кога ќе бидат утврдени како кандидати, работниот однос им мирува.

Со денот на верификацијата на мандатот на лицата од ставот (1) на овој член, работниот однос им мирува.

Имајќи го предвид горенаведеното, неспорно произлегува дека член 9 од Изборниот законик е јасен и на јасен начин го определува учеството на специфичната категорија лица во текот на изборниот процес, секако земена предвид сериозноста и тежината на нивните работни задачи и обврски кои произлегуваат од работниот однос во институциите каде тој е заснован.

Воедно на овој начин нормирано законското решение треба да постигне сигурност на работното место на овие категории на вработени, како и  непречена можност тие  да бидат носители на јавни функции.

Воедно, согласно сите препораки од меѓународните организации, потребно е одвојување на партиските активности од државата.

Во таа смисла овој член е концизен сам по себе и земен во корелација со останатите законски норми, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 9 став (1) од  Изборниот законик.

**<u>Точка 34</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Снежана Геровска - Попчевска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.25/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 16 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судски совет („Службен весник на Република Македонија" бр.83/2018) и притоа го утврди следново мислење:

До Уставниот суд на Република Северна Македонија Иницијатива за оценување на уставноста на член 16 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/18) поднесе Снежана Геровска Попчевска од Скопје, укажувајќи дека оспорената одредба „Советот во повторената постапка донесува конечна одлука, ценејќи ги напатствијата на Советот за жалба“ не обезбедува суштинско остварување на правото на реална жалба и е во спротивност со членот 97 и членот 97-а од Законот во делот на остварување на правото на фер судење, со членот 15 од Уставот на Република Северна Македонија и со членот 51 од Уставот, што обезбедуваат дека во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со законот.

Во Иницијативата се укажува дека оспорената одредба не овозможува двостепеност на постапката за разрешување на судијата и претседателот на судот пред Судскиот совет на Република Северна Македонија, согласно Уставот и Европската конвенција за заштита на човековите права со кои се гарантира правото на фер судење, кое подразбира и право на поднесување на реална жалба.

Подносителот на Иницијативата смета дека при повторувањето на постапката по повод конечната пресуда на Европскиот суд за човекови права во Стразбур согласно член 32 став 10 од Деловникот за работа на Судскиот совет („Службен весник на Република Македонија” бр.197/15) и примената на закони кои важеле во време на сторување на повредата (2001-2003 година), Судскиот совет постапувајќи по повод конечната пресуда на Европскиот суд за човекови права во Стразбур бр.48783/07 од 07.01.2016 година донел Решение бр.10-42/3 од 18.02.2020 година со кое се утврдува несовесно и нестручно вршење на судиската функција, против кое судијата нема право на жалба, повикувајќи се на оспорениот член 96 став 4 од Законот за Судски совет на Република Македонија, со што Решението е конечно и против истото не е дозволена жалба.

Се смета дека поднесената иницијатива е неоснована од следните причини:

Оспорената одредба од член 96 ставот 4 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/06, 150/10, 100/11, 20/15, 61/15, 197/17 и 83/18) нема правна важност во нашиот правен поредок. Имено, со денот на влегување во сила на новиот Закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19), престана да важи Законот за Судскиот совет на Република Македонија. Сепак, преодните и завршни одредби од член 107 ставовите 2 и 3 од новиот закон, предвидуваат завршување на започнатите постапки за разрешување, односно за утврдување на дисциплинска одговорност на судија или претседател на суд согласно одредбите на стариот закон.

Наводите од Иницијативата се однесуваат на положбата на Судскиот совет како независен орган на судството и неговата уставна и законска надлежност. Имено, согласно амандман XXVIII точка 1 ставот 1 од Уставот на Република Северна

Македонија „Судскиот совет на Република Северна Македонија е самостоен и независен орган на судството. Советот ја обезбедува и ја гарантира самостојноста и независноста на судската власт“. Согласно амандман XXIX став 1 точка 1 алинејата 1 од Уставот на Република Северна Македонија „Судскиот совет на Република Северна Македонија ги избира и разрешува судиите и судиите поротници, а согласно алинејата 3 „ги избира и разрешува претседателите на судовите“. Од овие уставни одредби произлегуваат надлежностите на Судскиот совет за разрешување на судиите кои понатаму се уредуваат со закон. Само Судскиот совет е надлежен орган за донесување на одлука за разрешување на судијата и ниеден друг орган не може да разреши судија.

Согласно амандман XXI точката 1 од Уставот на Република Северна Македонија „Се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд.“

Со Законот за Судскиот совет се уредува правото на жалба на судијата и претседателот на суд и постапката пред надлежен орган. Во натамошниот текст се образложува оспорената одредба од законот која го овозможува правото на жалба на судијата, односно претседателот на судот за неговото разрешување во постапката за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд, која е уредена во одредбите од членовите 77 до 97-а од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 60/06, 150/10, 100/11, 20/15, 61/15, 197/17 и 83/18).

Со Законот за Судскиот совет на Република Македонија од 2006 и 2010 година, се определува дека „против решението на Советот за разрешување судија, судијата има право на жалба до Советот за одлучување по жалбите на Судскиот совет, формиран при Врховниот суд на Република Македонија, во рок од осум дена од приемот на решението. Советот за одлучување по жалба може да го потврди или укине решението на Советот за разрешување на судијата.

Со измената на Законот од 2018 година, во членот 96 се определува дека, против одлуката на Судскиот совет, судијата или претседателот на судот има право на жалба до Врховниот суд на Република Македонија, каде по пат на ждрепка се формира Совет за одлучување по жалба. Со ставот 3 од истиот член се укажува за начинот и рокот на одлучување „Советот за жалба најдоцна во рок од 30 дена од неговото формирање одлучува по жалбата на начин што може да го потврди или укине решението на Советот“. Со ставот 4 се уредува начинот како Судскиот совет постапува по донесената одлука на Советот за жалба, „Советот во повторената постапка донесува конечна одлука, ценејќи ги напатствијата на Советот за жалба“. На овој начин, законодавецот на судијата му дава можност во жалбената постапка пред Советот за жалби да ги истакне сите неправилности за постапката која се водела пред Судскиот совет. При повторното одлучување, Судскиот совет е должен да ги цени напатствијата од Советот за жалба. Оваа одлука на Советот е конечна.

Со членовите 97 и 97-а од Законот за Судскиот совет се уредува постапката пред Судскиот совет и Советот за жалба при повторување на постапката по повод конечна пресуда на Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

Судскиот совет е должен во повторената постапка да ги почитува правните ставови изразени во конечната пресуда на Европскиот суд за човекови права, со која е утврдена повредата на човековите права и основни слободи. Советот може да ја повтори постапката за отстранување на повредата и последиците од повредата утврдена во пресудата на Европскиот суд за човекови права, преку формирање на Комисија од своите редови, за постапување по поднесеното барање за повторување на постапката, која цени дали истото е навремено, целосно и дозволено. Комисијата подготвува предлог и го доставува на натамошно постапување до Судскиот совет на одлучување – да го отфрли барањето или најдоцна во рок од три дена да го достави на надлежно постапување до Советот за жалба, за да донесе одлука за укинување на својата одлука и одлуката на Судскиот совет во делот на утврдената повреда, а потоа предметот да го врати на повторно постапување пред Судскиот совет за да започне повторената постапка во делот на утврдената повреда, која се води по одредбите од Законот за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд, а во која може да се предлагаат и изведуваат нови докази. За оваа фаза од постапката се смета како првпат да започнува постапката пред Судскиот совет од почеток. Одлуката во постапката за повторување ја донесува Судскиот совет согласно одредбите од Законот и се смета за прва (првостепена) одлука, а судијата има право на жалба до Советот за жалби. Правото на жалба е определено и со членот 97 ставот 11 и со член 96 ставот 1 од Законот. Оттука, конечна одлука на Судскиот совет може да биде одлуката која не е обжалена или одлуката која е потврдена од Советот за жалби. Доколку била поднесена жалба навремено, Советот за жалби ги цени жалбените наводи, ја укинува донесената одлука на Судскиот совет и предметот го враќа на повторно одлучување пред Судскиот совет, имајќи ја предвид неговата уставна и законска надлежност за разрешување на судија, а Судскиот совет е должен да постапи по напатствијата од одлуката на Советот за жалби. Откако Судскиот совет ќе постапи по овие напатствија и ќе донесе одлука, таа се смета за конечна, бидејќи на судијата била дадена можност да се изјасни во жалбената постапка.

Законодавецот јасно во членот 96 и 97 од Законот го предвидел и овозможил правото на жалба и законитоста на постапката во сите фази од постапката. Од еднакво значење се одредбите од Законот кои се однесуваат на запазување на принципот на неучество на исти учесници во различните степени од постапката, овозможувајќи непристрасност и независност. На овој начин се запазува правото на фер судење, гарантирано со член 6 од Европската конвенција.

Доколку подносителот на Иницијативата смета дека Судскиот совет во конкретниот случај не го применил правилно законот, се укажува дека тоа не е надлежност на Уставниот суд.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорената одредба од член 96 ставот 4 е во согласност со член 97 и 97-а од

Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/06, 150/10, 100/11, 20/15, 61/15, 197/17 и 83/18), со членот 15 и членот 51 од Уставот на Република Северна Македонија, и со членот 6 од Европската конвенција за човекови права и основни слободи, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на истиот, односно во целост да го отфрли барањето за поништување на оспорената одредба.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Томе Тодоровски, адвокат од Свети Николе, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.36/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Указот за прогласување на Законот за јавното обвинителство број 08-1411/1 од 16.2.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 42/2020“) и Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/2020) и притоа го утврди следното мислење:

До Уставниот суд на Република Северна Македонија, од страна на адвокатот Томе Тодоровски од Свети Николе била поднесена Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Указот за прогласување на Законот за јавното обвинителство и на Законот за јавното обвинителство, со посебно барање за донесување на решение за привремена мерка со која Указот и Законот нема да се применуваат додека Уставниот суд не донесе одлука по Иницијативата.

Согласно наводите во Иницијативата се оспорува уставноста и законитоста на Указот за прогласување на Законот за јавното обвинителство објавен во („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/2020) од 16.2.2020 година и Законот за јавното обвинителство објавен во („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20202) од 16.2.2020 година.

Имено, подносителот на Иницијативата наведува дека наведениот Указ за прогласување на Законот за јавното обвинителство е во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија и тоа со членовите 1, 2, 8, 51, 52, 61, 67, 75 и 106 и членовите 95, 96, 103, 104, 173 и 174 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија. На 16.2.2020 година, согласно наводите во Иницијативата, претседателот на Собранието излегол од својата надлежност и спротивно на Деловникот за работа и Уставот го поништил гласањето на Законот за јавното обвинителство без никаква причина, со што, според подносителот сторил повреда на темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија и владеењето на правото.

Подносителот на иницијативата во продолжение наведува дека на седницата за донесување на законот, во Собранието можело јасно да се види дека претседателот на Собранието го става Законот за јавното обвинителство на гласање, ги повикува пратениците да гласаат, по што за законот гласале 74 пратеници ЗА и 23 пратеници

ПРОТИВ. Со ова, според подносителот на Иницијативата, Законот за јавното обвинителство не го добил потребното двотретинско или квалифицирано мнозинство гласови од 81 глас и согласно Деловникот, Законот за јавното обвинителство не е донесен. Подносителот наведува и дека согласно Деловникот, во ваков случај се констатира бројот на гласови и се преминува на друга точка на дневниот ред. Како што истакнува подносителот, во моментот кога претседателот на Собранието видел дека Законот за јавното обвинителство не е изгласан бидејќи нема доволен број на гласови, истиот го поништил гласањето. Подносителот објаснува дека согласно Деловникот на Собранието не е предвидено дека претседателот на Собранието може да поништи гласање кое е завршено и законот не е донесен, и не може претседателот на Собранието да не почитува јасно искажана волја на гласање на 119 пратеници, не може да се повика на ново гласање, бидејќи, според подносителот, истото гласање е веќе завршено. Во конкретниот случај, според подносителот, по завршувањето на гласањето претседателот на Собранието согласно Деловникот бил должен само да констатира дека Законот за јавното обвинителство не е донесен бидејќи го нема потребното мнозинство од 81 глас.

Воедно, во поднесената иницијатива се наведува и дека претседателот на Собранието е избран во една крајно сомнителна постапка во која не се почитувани Уставот, законите и Деловникот на Собранието. Поради ова, според подносителот на Иницијативата, се доведува во прашање и легитимитетот на Собранието од 8.5.2017 година до распуштањето на 16.2.2020 година и донесените одлуки, односно дали истите можат да произведат правно дејство.

Во продолжение на Иницијативата се наведува дека претседателот на Собранието нема надлежност, мандат, овластување и нема никаква законска ниту уставна надлежност да го прогласува законот и да го доставува на потпис на Претседателот на Република Северна Македонија.

На крајот од иницијативата подносителот му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, имајќи го предвид претходно наведеното дека законот не е воопшто донесен, не постои, не е на сила и не произведува правно дејство, во итна и приоритетна постапка да го поништи како неуставен заедно со Указот за негово прогласување.

Воедно, поради можноста да се предизвикаат штетни правни последици, пред се во работата на судовите, подносителот на Иницијативата предлага Уставниот суд да донесе решение за времена мерка за стопирање на примената на Законот се до донесување на решение од страна на Уставниот суд - одлука по Иницијативата.

Уставот на Република Северна Македонија во членот 61 предвидува дека Собранието е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт во Републиката, а неговата надлежност во поглед на донесувањето на законите и изменување на Уставот е предвидена во членот 68 став 1 алинеја 1.

Постапката за предлагање и донесување на закон е предвидена во членовите од 69 до 71 од Уставот, а членот 75 се однесува на прогласувањето на законите со указ.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да побара мислење од Собранието на Република Северна Македонија да се произнесе за изнесените наводи во Иницијативата, согласно принципот на поделба на власта на законодавна, извршна и судска.

## Точка 36

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под број 33/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 3 став 1 во делот „управните и стручни“ од Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија“ број 106/2007, 88/2010, 36/2011, 53/2011, 136/2011, 11/2012, 147/2013, 164/2013, 27/2014, 43/2014, 88/2015, 154/2015, 228/2015, 7/2016, 53/2016, 83/2018, 113/2018 и 245/2018) и притоа го утврди следново мислење:

1. Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на членот 3 во делот „управните и стручни" од Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија" бр. 106/07, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16, 53/16, 83/18, 113/18 и 245/18), заради наводна несогласност со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија бидејќи во правниот промет мора да постојат јасни и недвосмислени норми и наводна несогласност со членот 51 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија бидејќи законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законите.

2. При испитувањето на Иницијативата најпрвин треба да се има предвид дека со цитираните членови од Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 106/07, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16, 53/16, 83/18, 113/18 и 245/18), Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19 и 275/19), само се потврдува дека оспорениот член е во согласност со Уставот и дека цитираните одредби се јасни и недвосмислени и во согласност со Уставот.

Со цитираните одредби јасно и недвосмислено се разграничуваат надлежностите на Министерството за здравство и на Агенцијата за лекови и медицински средства, како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице.

3. Неосновани се тврдењата изнесени во Иницијативата дека согласно одредбата од членот 5 став 4 во врска со ставот 3 од истиот член од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), само органи кои биле во состав на министерства можат да се основаат за вршење на определени управни, стручни и други работи од надлежност на министерството.

Имено, ставот 3 определува дека може да се основаат агенции како самостојни органи на државната управа, а ставот 4 определува дека органите во состав на министерствата можат да се основаат за вршење на определени управни, стручни и други надлежности на министерството.

Одредбите од овие два ставови од членот 5 не предвидуваат забрана самостојните органи на државната управа како што е Агенцијата за лекови и медицински средства да може да се основа за вршење на определени управни и стручни надлежности.

За ова уште една потврда е токму членот 7 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), кој предвидува органите на државната управа да можат да се основаат и нивната надлежност да се утврдува со закон.

Токму тоа е направено со Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 106/07, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16, 53/16, 83/18, 113/18 и 245/18), каде помеѓу другото со оспорената одредба е утврдена надлежноста на Агенцијата која вклучува и вршење на управни и стручни работи, но не станува збор за управни и стручни работи кои веќе се предвидени како надлежност на Министерството за здравство, туку на други надлежности кои се однесуваат на лековите и медицинските средства.

Со оглед на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста, односно да ја отфрли Иницијативата за поведување на постапката за оценување на уставноста на членот 3 во делот „управните и стручни“ од Закон за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 106/07, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16, 53/16, 83/18, 113/18 и 245/18).

## Точка 37

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 38

**1.** Владата го разгледа Барањето од Јавното претпријатие Комунална хигиена – Скопје доставено под бр.03-3119 од 21 април 2020 година и го одобри Барањето за набавка на специјални комунални возила за ефективно и ефикасно извршување на дејноста на Претпријатиeто.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 13 април 2020 година до 20 април 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го разгледа Барањето од Државниот завод за статистика доставено под бр. 05-341/7 од 21 април 2020 година, го прифати Барањето за набавка на преносни компјутери (лап-топ), а во функција на подготовка за реализација на попис на населението, домаќинствата и становите, кој планира да се спроведе наредната 2021 година и го одобри спроведувањето на јавната набавка.

**4.** Владата го разгледа Известувањето од Друштвото за земјоделство, сточарство, производство, промет и услуги „ПРАГМАТИКА“ ДООЕЛ-Гостивар, со седиште на ул „Живко Брајкоски,“ бр.179, Гостивар, го прифати и заклучи да се известат Централниот регистар на Република Северна Македонија и Министерството за финансии-Управа за јавни приходи, со цел преземање соодветни активности, согласно Известувањето.

**5.** По повод укажувањето на Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, во врска со потребата од организирање хуманитарен конвој за враќање на студенти од Република Турција во Република Северна Македонија, Владата заклучи да организира автобуски превоз на студентите (4 - 5 автобуси од граничниот премин Хамзабејли - Лесово на турско - бугарската граница), а потребните средства да бидат на товар на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 39

Владата го разгледа Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на АД Медиумска информативна агенција- Скопје во државна сопственост, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Акционерското друштво Медиумска информативна агенција- Скопје да пристапи кон подготвување на Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на АД Медиумска информативна агенција- Скопје во државна сопственост и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 40**

Владата го разгледа Извештајот за финансиско работење на ЈП „Стрежево" - Битола за четвртото тромесечје, за периодот од 1 октомври 2019 до 31 декември 2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, да се имаат предвид укажувањата од: Министерството за животна средина и просторно планирање (да се преземат мерки и активности за надминување (покривање) на загубата, подмирување на обврските и наплата на побарувањата кои се настанати во изминатиот период) и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (да се преземаат неопходни мерки за наплата на побарувањата како и ЈП Стрежево Битола да достави Информација до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за прогресот на активностите за проширувањето на деталната цевководна мрежа на површини каде до сега не се вршело наводнување од водите на хидросистемот „Стрежево").

**Точка 41**

Владата го разгледа Известувањето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за март 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите во реализацијата на Акцискиот план за зголемување на приходите на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 43**

Владата го разгледа Известувањето од Институтот за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија за извршени мерки во врска со состојбите и извршените препораки на Државниот завод за ревизија, како материјал за информирање.

**Точка 44**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор и за спроведување на Националната стратегија за борба против измама и заштитата на финансиските интереси на Европската Унија во 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 45**

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија за периодот 1 јануари до 31 декември 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 46**

Владата го разгледа Извештајот за активностите на Координативното тело за надзор на пазарот за 2019 година и на надлежните органи за надзор на пазарот, како материјал за информирање.

**Точка 47**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за реализација на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Главните индикатори за успешност на работењето (KPI) за 2019 година за аеродромите во Скопје и Охрид, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Националното координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Роми и Интеграција на Ромите 2020 (за период октомври 2019 – февруари 2020 година), како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за Роми 2014-2020 во Министерство за труд и социјална политика (за период декември 2019 - февруари 2020 година), како материјал за информирање.

## Точка 51

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со комуналниот отпад кој поради оправдани техничко-технолошки и економски причини не може да биде отстранет на постоечката локација во Општина Кичево (градска депонија „Зајашка Река“), за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 52

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за приредување на интернет игрите на среќа во казино, обложувалница и автомат клуб за време на вонредна состојба, со Предлог - уредба, за некоја од наредните седници на Владата.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:05 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски